Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 13.12.2021 година, донесе

# ПРОГРАМА И АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА НОВАЦИ2022г.

## Вовед

Програмата за социјална заштита за 2022 година на Општина Новаци дефинира повеќе приоритетни активности од обласа на социјалната заштита на граѓаните на општина Новаци, кои имаат за цел да придонесат за унапредување на целокупната социо-економска и здравствена положба на граѓаните на Општина Новаци. Социјалната заштита како темел врз кој се гради стратегијата за работа со граѓаните на ниво на Локална самоуправа, е составен дел на Буџетот на Општина Новаци за заштита, помош и поддршка на лицата во социјален ризик, лицата со попреченост, старите лица, децата, односно сите оние кои што се изложени на социјален ризик од било каков вид кој што може да има последици врз нивната добробит.

Во насока на подобрување на условите на локално ниво во сферата на социјалната заштита, Општина Новаци прави напори во рамките на своите можности да се вклучи посеофтно и порганизирно во решавање на проблемите на своите граѓани. Поаѓајќи од тоа Програмата за социјална заштита на Општина Новаци е систем на мерки и активности насочени кон општо подобрување на условите за живот на сите граѓани, особено на најсиромашните и социјално исклучените граѓани. Општина Новаци се обврзува да ги употреби сите расположливи ресурси притоа земајќи ги во предвид реалните услови за живот и потребите на граѓаните, материјалните, професионалните и организациските можности на Општина Новаци.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност. Односно ќе обезбеди организирање на социјалната заштита преку организирање и развивање на облици и форми на давање социјални услуги на одделни групи на граѓани кои се нашле во состојба на социјален ризик. Целни групи кои ќе бидат опфатени со Програмата со социјална заштита се сите граѓани од Општина Новаци кои во моментот на своето живеење и делување биле зафатени или погодени од одредени социјални ризици.

## Законски рамки според кои се подготвува самата програма

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-1035/8
13. 12. 2021 год
Новаци

Општина Новаци во остварувањето на својата надлежност од областа на социјалната заштита работи согласно важечката законска регулатива и подзаконските акти донесени од државата, односно програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2022 година произлегува почитувајќи ги:

- Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за изменување и дополнување на законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година ),
- Законот за социјална сигурност за старите лица (Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.5.2019 година),
- Законот за заштита на децата (Службен весник на РСМ, бр. 146 од 17.7.2019 година),
- Законот за семејство (Службен весник на РМ, бр. 153 од 20.10.2014 година),
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (Службен весник на РМ, бр. 150 од 2.09.2015 година),
- Програмата за развој на заштитата на децата во Република Македонија (Службен весник на РМ, бр. 246 од 28.12.2018 година),
- Законот за финансирање на Единиците на Локалната самоуправа (Службен весник на РМ, бр 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11),
- Закон за локална самоуправа (Службен весник на РМ, бр.5 од 29.01.2002година),
- Националната програма за развој на социјална заштита (Службен весник на РМ, бр. 192 од 17.10.2016 година),
- Националната политика за социјална заштита, и
- други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија.

## Цели на програмата

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во Општина Новаци е да предложи форми на социјална, детска и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите во рамките на своите законски овластувања за добробит на своите граѓани, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, на старите и младите, девојчињата и момчињата. Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права и истата директно придонесува кон имплементација на обврските кои произлегуваат од меѓународните, националните и локалните документи во овие области. Останати цели на програмата се:

- Развој на социјалната заштита и социјална превенција како организирана и координирана активност на локално ниво
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку воведување на нови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните.
- Создавање услови за намалување на зависноста од институционална заштита преку развивање на алтернативни форми на заштита.
- Воведување на модалитетите за реализација на јавно-приватно партнерство во социјалната заштита

**Предмет на програмата**

Предмет на оваа Програма се мерки и активности кои ќе се реализираат во текот на 2022 година, а преку кои ќе се имплементираат надлежностите на Општина Новаци. во областа на социјалната заштита.

**Приоритети**

Со Програмата се предвидува фокусот на активностите на Општина Новаци во областа на социјалната заштита, да биде насочен кон остварување на приоритетните цели на оваа Програма и тоа:

- Финансиска поддршка на лица кои имаат потреба од неа
- Социјална заштита на стари лица
- Ран детски развој
- Социјална заштита на лица со попреченост
- Намалување на сиромаштијата и социјална исклученост

**Социјални ризици**

Видови на социјални проблеми и ризици на кои се изложени граѓаните и категории на лица кои ги опфаќа оваа програма

- проблеми кои настануваат како последица од природни непогоди и епидемии: пожари,поплави,епидемии,земјотреси и сл
- проблеми кои се поврзани со девијантно однесување
- ризици по здравјето (смрт,болест, повреда)
- ризици од стареење ( старост и преживување)
- ризици по мајчинство и семејство
- ризици од попреченост

Категории на лица опфатени со ова програма, кога ќе се најдат во исклучително тешка состојба се:

- лица со посебни потреби
- деца на улица (деца без родители и родителска грижа)
- деца со воспитно социјални проблеми
- деца со еднородителски семејства
- лица изложени на социјален ризик
- лица засегнати со злоупотреба на дрога и алхохол
- стари лица без семејна грижа
- лица со здравствени проблеми

- лица погодени од елементарни непогоди, пожари, погребални трошоци и друго.

Социјалната заштита што ќе се развива на локално ниво, на граѓаните ќе им се обезбеди социјална превенција, социјална помош и социјални услуги кога тие не се во состојба самостојно да ја остварат својата социјална сигурност и кога се во исклучителна тешка состојба

**Вредности и принципи на програмата**

Системот на социјална заштита се заснова на начелото социјална праведност и солидарност, давање посебна заштита на немоќните и на неспособните граѓани за работа, посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Вредности и принципи врз кои се темели Програмата за социјална заштита на Општина Новаци се:

- Најдобри интереси на корисниците
- Социјална праведност и солидарност
- Достапност на услугите на корисниците
- Заштита на немоќните
- Учество и одговорност на учесниците
- Грижа и заштита на семејството во било каков облик и децата без родителска грижа
- Родова сензитивност
- Континуитет на заштита

**Мерки и активности**

Општина Новаци, со цел обезбедување на социјалната заштита за нејзините граѓани, ќе ги спроведува следните мерки и активности:

- Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на оддредени категории на лица (стари лица без семејна подршка, болни и изнемоштени лица, лица со попреченост, семејства настрадани од елементарни непогоди, самохрани родители без дополнителни приходи, лица кои останале без работа и приходи и сл.) кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба, согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општина Новаци за 2022 година:
- Еднократна парична помош за секое новородено дете, секое дете кое во учебната 2022/23год. се запишува во прво одделение во ООУ“Славко

Лумбарковски" с.Новаци, ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг и ученици кои поради онлајн настава имаат потреба од компјутери а припаѓаат на социјално загрозени семејства.

- Социјална заштита на стари лица – поддршка на активности на Здруженија на пензионери во насока на промоција на активна вклученост во општествениот и социјалниот живот што ќе придонесат кон зголемена општествена, социјална и културна активност на старите луѓе.
- Ран детски развој - активности со кои се пружа помош и поддршка во работењето на ЈОУДГ"Бамби"- с.Новаци преку набавка на опрема и обезбедување на превоз за непречено реализирање на предвидените активности како и ослободување од партиципација на деца кои се згрижени во детската градинка и потекнуваат од социјално загрозени семејства. Во оваа мерка е вкучено и реализирање на проектот "Ранливи категории II " од Програмата општинско-корисна работа преку кој се ангажираат логопеди кои работат со деца на предшколска возраст од ЈОУДГ „Бамби" и деца на школска воздраст од ООУ "Славко Лумбарковски"- с.Новаци.
- Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население.
- Подршка на стручни организации и лица кои би организирале советодавна подршка на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности за нивна интеграција, како и предавања и трибини за едукација против зависности и други болести.

**Постапка за реализација**

Целта за остварување на паричната помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на одредени категории на лица е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита утврдена во Законот за локалната самоуправа и Законот за социјалната заштита како и други законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе здравствено, финансиски или друг начин во пресрет загрозените лица кои имаат потреба од социјална заштита и помош, а согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општината за 2022 година.

Висината на надоместокот, видовите на мерките и услугите за социјална заштита и превенција, за наведените категории на лица ќе се утврдуваат врз основа на

поднесено барање со комплетна документација со која би се потврдил основот на барањето, а по дадено позитивно мислење од страна на Градоначалникот и по донесена одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

Оваа активност како мерка во рамките на реализацијата на програмата за социјална заштита на Општина Новаци за 2022 година, ќе се спроведува од страна на Општина Новаци преку надлежните одделенија, а по претходно позитивно мислење дадено страна на Градоначалникот и донесена Одлука од страна на Советот на Општина Новаци.

Средствата за исплата на парична помош и за обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита на наведените категории лица ќе се обезбедуваат согласно можностите и во рамките на расположливите средства во Буџетот на општина Новаци за 2022 година во износ (1.350 000,00).

<u>Целта на Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население</u> е преку организарање на акција за собирање на облека, храна и друга опрема да им се помогне на социјално загрозени семејства и лица.

Носители на спроведување на активност покрај Општина Новаци, ќе бидат вклучени и јавните установи, невладини организации и здруженија.

Со спроведувањето на оваа активност се превземаат мерки за спречување на настанување на социјални ризици, рано откривање и третман на граѓанинот односно на лицата кои злоупотребуваат дроги, други психотропни супстанции, прекурсори и алкохол.

Оваа активност ќе се спроведе во соработка со Меѓуопштинскиот центар за социјална работа од Битола, со училиштата, здраствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани како и други правни и физички лица.

**<u>Финансирање</u>**

За реализацијата на програмата ќе се обезбедат потребни финансиски сретства од буџетот на општина Новаци во износ од 1.350.000,00 буџетот на Р.Македонија и донатори.

Разгледувањето на барањата од граѓаните ќе го врши Градоначалникот на општина Новаци за средства до 10.000,00 денари нето износ , а за средства до 20.000,00 денари бруто износ барањата ќе ги разгледува Советот на Општина Новаци.

Средствата ќе се уплаќаат на трансакциона сметка на граѓанинот.

**Завршна одредба**

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да придонесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник," на општина Новаци

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

| АКЦИОНЕН ПЛАН | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Активност | Одговорни | Опис на активност | Цел | Време | Финансиски Ресурси (сума изразена во МКД) | Индикатори |
| 1 | Доделување на парична помош | | | | | | |
| 1.1. | Еднократна парична помош на физички лица | Градоначалник Совет на општина Новаци | Еднократна парична помош на физички лица изложени на социјален ризик припадници на оддредени категории на лица кои ќе се најдат во исклучително тешка состојба | Помош и финансиска поддршка на лица кои што се наоѓаат во незавидна положба за надминување на истата | 2022 | 320,000,00 | Број на лица кои добиле еднократна парична помош |
| 1.2 | Еднократна парична помош на деца | Градоначалник Совет на општина Новаци | Еднократна парична помош за секое дете кое во учебната 2022/23 год се запишува во прво одд. ученици кои учествуваат во натпревари од повисок ранг и ученици кои поради онлајне настава имаат потреба од комјутери што припаѓаат на | Помош и финансиска поддршка на деца кои што се наоѓаат во наведените | 2022 | 250,000,00 | Број на деца кои добиле финансиска помош и подршка |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | социјално загрозени семејства | | | | |
| 2 | Социјална заштита на стари лица | | | | | | |
| 2.1. | Активна вклученост на старите лица во општествените текови | Општина Новаци, Здружение на пензионери, Здружение на жени "Силата на бабата" | Активности во насока на промоција на активна вклученост на старите лица во општествениот и социјалниот живот | Зголемена општествена, социјална и културна активност на старите лица | 2022 | 50 000,00 | Број на лица вклучени во активности од страна на Здр. на пензионери |
| 2.2 | Обука на негователи за пружање на нега и помош на стари лица во домашни услови | Општина Новаци, ЗГ,Црвен крст | Општина Новаци во соработка со Здруженијата на граѓани и Црвен крст ќе оствари обука на негователи на стари и изнемоштени лица | Со стекнување на сертификати лицата ќе бидат ангажирани на активности наменети за пружање на помош во домашни услови на стари и изнемоштени лица | 2022 | 50 000,00 | Број на стари и изнемоштени лица на ниво на општина Новаци кои добиле помош во домашни услови |
| 3 | Ран детски развој | | | | | | |
| 3.1. | Надоместок за партиципација на деца од ЈОУДГ "Бамби" | Општина Новаци, ЈОУДГ "Бамби" | Согласно член 53 од Законот за заштита на деца МТСП донесе правилник за | Згрижување на деца од социјално загрозени семејства. | 2022 | 50 000,00 | Број на згрижени деца од загрозени |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | критериуми за остварување на право на партиципација но Општина Новаци тоа го проширува и на други категории на деца | | | | семејства |
| 3.2 | Еднократна парична помош за новородено дете | Општина Новаци | Доделување на еднократна финансиска помош од 6000 денари бруто износ за семејство за секое новородено дете во семејство во 2022 | Помогнати родители на новороденчиња | 2022 | 180 000,00 | Број на лица кои добиле еднократна парична помош за прворордено дете |
| 3.3 | Општинско корисна работа | УНДП општина Новаци | Логопедски третмани на деца со говорни потешкотии во ЈОУДГ "Бамби" и ООУ "Славко Лумбарковски | Ангажирање на логопеди кои ќе третираат деца од претшколска и школска воздраст. | 2022 | 200 000,00 | Број деца со говорни потешкотии |
| 4. | Јавни дејности | | | | | | |
| 4.1 | Јавни работи | Општина Новаци, ЈПКД"Новаци" | Ангажирање на дополнителен број на извршители во Јавното претпријатие за комунални дејности "Новаци" кои би биле ангажирани за | Со овој проект се планира да бидат работно ангажирани околу 15 невработени лица со ниско и средно образование во | 2022 | 30 000,00 | Број на вклучени лица |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | наведените активности. | период од 1 месеци. | | | |
| 4.2. | Обележување на значајни датуми | Општина Новаци, ЗГ,амбасади, | Значајни датуми | Поддршка за обележување на значајни денови во вид на финансиска, материјална или лична преку присуство на членови на совет на Општина Новаци, Градоначалник и лица вработени во ОН во организација на настани | 2022 | 100 000,00 | Број на реализирани настани |
| 4.2. | Поддршка на стручни (граѓански) организации кои би понудиле советувалишна работа и психосоцијална поддршка за различни категории граѓани во социјален ризик | Општина Новаци, Здруженија на граѓани, стручни лица | Подршка на стручни организации и лица кои би организирале советодавна подршка на категории граѓани во социјален ризик, обуки и активности како и предавања и трибини за едукација против зависности и други болести. | Подигнување на свеста на населението за социјалната превенција и заштита, стекнување на на знаењата и вештини | 2022 | 40 000,00 | Број на активности и вклучени ЗГ и стручни лица |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4.4. | Поддршка на активностите на Советот за социјална заштита | Општина Новаци, Советот за социјална заштита | Финансиска, материјална и поддршка во човекови ресурси при реализирање на активности на Советот за социјална заштита | Подобрување на капацитетите на советот за социјална заштита и негова зголемена активност | 2022 | 40 000,00 | Број на активности и број на лица вклучени во нив |
| 4.5. | Промотивна кампања | Општина Новаци | Поддршка за одредени активности и цели | Печатен промотивен материјал за потребите на одредена активност | 2022 | 40 000,00 | Број на активности и број на лица вклучени во нив |
| | **ВКУПНО** | | | | | **1.350.000,00** | |

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци